# Научи
## нѐ да се
# молиме

---

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

**Серија од пет лекции за молитвата**

**Напишано од Пол Рид**
**Илустрирано од Диди Хегнауер**

Издадено од
European CEF Centre
Kilchzimer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland

Copyright © 1988 Child Evangelism Fellowship of Europe.
Сите права се задржани. Употребено со дозвола. Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk
Авторско право: ©1988 Европска мисија за евангелизација на деца

# Содржина

**Прва лекција**
Возбудливо е да можеме да разговараме
со Бог ............................................................ 4

**Втора лекција**
Молитвата - христијански духовен
кислород ........................................................ 8

**Трета лекција**
Моите молитви Му носат радост
на Бог ........................................................... 12

**Четврта лекција**
Другите луѓе имаат потреба од моите
молитви ........................................................ 16

**Петта лекција**
Ајде да научиме да се молиме подобро . 20

# Научи нѐ да се молиме

**Серија од пет лекции за молитвата**

Целта на серијата е да се поучат децата за привилегијата и важноста на молитвата. Се разбира ние не сакаме ова да биде само интелектуално знаење; ние навистина сакаме тие да научат да се молат на Бог. Еве некои начини на кои ти, како учител, можеш да им помогнеш на твоите ученици да научат да се молат:

1. Преку објаснување на принципите на молитвата, врз основа на примери од Библијата.

2. Преку користење на илустрации од твојот живот. Децата сакаат да ги слушаат овие примери и ќе бидат благословени преку нив. Ние немаме вклучено примери. Секој учител може да извлече од своите лични искуства како Бог го научил да се моли и одговорил на неговите молитви.

3. Преку давање илустрации за деца кои Му се мoлеле на Бог. Овие актуелни примери ќе им помогнат да ги применуваат принципите на молитвата, и моделите на молитви во Библијата, во своите животи.

4. Преку помагање на децата да земат учество во молитва на часот, под твое водство и охрабрување. Охрабри ги спасените деца да се молат со тебе на часот за одредени теми кои ги поучуваш. Пред секоја лекција размисли кои деца можат да земат учество. Јави им се ако е неопходно, и извести ги дека ќе ги замолиш да водат во молитва (меѓутоа накратко) на часот. Можеш исто така да ги замолиш да си ја напишат молитвата на парче хартија, ако сметаш дека тоа би им помогнало да имаат помалку трема кога ќе им дојде редот за молитва.

5. Преку охрабрување на децата самите да Му се молат на Бог, во нивните домови или каде и да се. Сѐ додека навистина не Му се молат на Бог самите, тие немаат вистински научено да се молат. Или со други зборови: ако децата, како резултат на овие лекции, не Му се молат на Бог , тогаш процесот на учење/поучување би бил неефективен или нецелосен! Како учител, твоите лични контакти преку телефон или преку поединечни средби со децата, можат да бидат од голема помош. При овие разговори можеш да ги прашаш дали се молеле тој ден, пофалувајќи ги ако се молеле, а ако не се молеле, охрабри ги да го сторат тоа, предложувајќи им практична помош и идеи.

6. Во последната лекција поучуваме малку за важноста на заедничката молитва. Ако има деца од христијанска средина, можеш да ги охрабриш да земаат учество во молитва во неделното училиште па дури и на молитвените состаноци во нивните цркви, како и на нивното семејно време со Бог, а и со тебе на клубовите Добра Вест. Можеби дури ќе сакаш да формираш молитвена дружина од спасените деца од твојата група-тие би можеле да се состануваат околу 15 минути пред редовниот час, или во друго време. Ти можеш да им помогнеш предлагајќи разни теми за молитва, кажувајќи им за тоа како Бог одговара на нивните молитви, итн.

Запомни пред сѐ дека твојата цел не е само да зборуваш за молитвата, туку да им помогнеш на децата да се молат! Твојот пример ќе биде многу важен исто така, кога децата ќе гледаат колку многу тебе ти значи молитвата! Моли го Бог да го направи твоето поучување и твојот пример таков благослов, што животите на децата да бидат променети!

Серијата "Научи нѐ да се молиме" би можела да се користи паралелно со книгата "Белешки на пронаоѓачот" (издадена од МЕД на Велика Британија) која ја нагласува потребата христијанското дете да има свое лично време за општење со Бог секој ден. Картограм серијата "Мојот тивок час" може да се користи 6 или 7 недели (по 5-10 минути на секој час) пред времето за молитва на Клубот, како дополнување на тековната серија.

**Имај ги на ум и неспасените деца!**

Оваа серија лекции не е првенствено евангелизаторска, иако Евангелието е вклучено на разни места. Можеш да ја нагласиш потребата од спасение во други делови од програмата - на пример во песните, или во кратка целна лекција која би можел да ја вклучиш, или во мисионерска случка. Важно е неспасените деца да знаат дека си на располагање да им помогнеш ако имаат духовни проблеми, а особено ако сакаат да го примат Христос за свој Спасител. Во секој момент за време на едночасовната програма, или за време на самата лекција, како што ќе те води Светиот Дух, би можел да кажеш на пример вака:

"Ако не си го замолил Христос да биде твој Спасител, а си загрижен поради својот грев, треба да се свртиш кон Господ Исус денес и да го примиш прекрасниот дар на простување и вечен живот. Ти можеш да го сториш тоа токму таму каде што седиш, или покрај твојот кревет кога ќе си отидеш дома. Меѓутоа, ако сакаш да зборуваш со мене за тоа, јас би сакал да ти помогнам и да ти покажам како можеш да станеш Божјо чедо денес. Откако ќе си отидат другите, дојди во првиот ред. Јас ќе седнам и ќе ти објаснам повеќе за тоа како можеш да станеш вистински христијанин."

Во однос на молитвата, општото учење за неспасено дете е: Бог ветува дека ќе ги одговори молитви-

те на Неговите чеда, но Тој исто така ужива да одговори на молитвите на она момче или девојче кое ќе се сврти кон Него во покајание и вера. Во Псалм 150:6 читаме: "Сè што дише - Господа нека Го слави! Слава на Господа!" а во Псалм 117:1: "Славете Го Господа, сите народи, возвишувајте Го, сите племиња!" Псалмистот, под инспирација на Светиот Дух, го повикува сето создание да Го слави Бог. Сите мажи и жени, момчиња и девојчиња, Нему Му должат долг на слава и благодарност како Создател и Дарител на секој добар дар. Затоа се чини правилно да се поучуваат сите деца (било спасени или неспасени, на предучилишна возраст или поголеми) да Му даваат благодарност на Бог Создателот, за неговата добрина и благослови, Неговата љубов и грижа. Сепак радоста на општењето со Бог како небесен Татко е ограничена на оние кои се родиле во Неговото семејство, преку вера во Господ Исус (Јован 1:12,13).

Затоа, веројатно, е помудро учителот да не бара доброволци во времето за молитва. Би било подобро тој да повика деца за кои знае дека се христијани, да водат во молитва.

Ако, меѓутоа, неспасени деца спонтано се понудат да се молат, би можеле да им дозволиме да го сторат тоа, одредувајќи им теми како благодарење на Бог за Неговата љубов што ни дал родители кои нè сакаат, добри домови, храна и облека, здравје и пријатели. Но би било несоодветно овие неспасени деца да благодарат, на пример, за Христос кој умре на крстот за нив, или пак да се молат за обраќање на други деца.

**Централната вистина на секоја лекција**

"Централна вистина" се изнесува во секоја лекција. Ти, како учител, треба постојано да го имаш тоа на ум како што ќе ја предаваш лекцијата; немој да се задоволиш само со кажување на Библиски случки! Во општиот преглед на секоја лекција ќе ја најдеш "централната вистина" наведена (иако можеби Светиот Дух ќе те води да изнесеш и некои други главни учења од Библиските пасуси).

Под насловот "Развој на настаните" или "развој на лекцијата" се употребуваат следниве скратеници:

**ЦВС:** Ова значи: **Ц**ентралната **В**истина применета за **С**пасени деца.

**ЦВН:** Ова значи : **Ц**ентралната **В**истина применета за **Н**еспасени деца.

## Прва лекција

## Возбудливо е да можеме да разговараме со Бог

**Подготвително читање за учителот:** Псалм 57; 1 Самоил 22:1-5; 23:14-29; 1 Самоил 24:1-22.

Ова читање е мошне долго, но е возбудлив приказ на Божјата грижа за Давид. Тоа ќе биде благослов за тебе и за децата кога ќе им ја објаснуваш лекцијата.

**Стих за учење напамет:** Псалм 57:1

"... на Тебе се надева душата моја, и под сенката на крилјата Твои ќе се засолнам..."

**Подготовка за учество на децата:** Во еден момент во лекцијата, ние предлагаме некое дете од твојот клуб (ние го нарековме "Ана" во прибелешките) да даде кратко сведоштво за некој случај кога Бог одговорил на молитва. Избери погодно повозрасно спасено девојче, или помошник во твојата група; разговарај со неа (или него) еден или два дена пред клубот и помогни ѝ (му) да подготви мало сведоштво.

Исто така има моменти кога некои од децата ќе можат да читаат стихови. Избери погодни деца и по можност извести ги претходно за да можат да си ги донесат своите Библии на клубот и да бидат подготвени да читаат.

**Централна вистина:** Радост е и привилегија да се разговара со Бог.

Примена за **спасените** деца: Разговарај со Бог за сè!

Примена за **неспасените** деца: Ти не можеш вистински да ја уживаш оваа привилегија сè додека не Го знаеш Христос како свој Спасител.

Како што ќе ги раскажуваш настаните од животот на Давид, немој премногу да навлегуваш во детали, зашто инаку лекцијата може да стане предолга. Имај ја централната вистина постојано на ум.

1. **Вовед**: Случката за Јане кој разговарал со своите родители.

2. **Развој на настаните**:

    А. Давид како момче ги составува своите молитвени песни за Бог. ЦВС

    Б. Илустрација на Ана која се моли на Бог во моменти на среќа. ЦВН

    В. Давид го победува џинот

    Г. Давид побегнува од Саул

    Д. Сведоштво од спасено дете или помошник, (или од самиот учител, ако никој друг не е на располагање) за молитва кон Бог во тешки моменти.

Ѓ. Краток преглед на Давидовата молитва кон Бог во тешки моменти

Е. Давид во пештерата гонет од Саул

Ж. Преглед на последните стихови од Псалм 57 (деца читаат)

З. Илустрација на роденденската забава на Павле, и последователни прашања. ЦВС

**3. Заклучок:** Две или три деца учествуваат во молитва

**Вовед Слика 1 - 1**

Јане го втурна велосипедот во гаражата и ги понесе патиките и спортскиот ранец во куќата. Одвај чекаше да им изнакаже на мајка си и татка си за трката на 200 метри во училиштето. Тој не знаеше како да почне, бидејќи во себе имаше измешани чувства-беше толку задоволен и среќен, но и по малку разочаран бидејќи не постигна толку многу колку што се надеваше. Тој само сакаше да им ја каже целата случка на своите родители. Знаеше дека тие ќе го сфатат точно како се чувствува.

Тој истрча во собата и извика: "Погодете!"

"Па, како помина?" прашаа мајка му и татко му насмевнати.

Јане набрзина го извлече бронзениот медал од својот џеб, велејќи: "Го освоив третото место!" Па им раскажа за трката и како тој трчал најбрзо што може, но Сашо и Петар стигнале до целта токму пред него. Беше прекрасно да им го раскаже секој детаљ, а кога тие го прегрнаа и му кажаа дека се гордеат со него, тој беше многу среќен.

Знаете, прекрасно е да имаш некој како родителите или пак добар другар со кого можеш да разговараш - некој кој ќе те ислуша и ќе разбере како се чувствуваш. Но исто толку е добро (всушност многу подобро) да можеш да разговараш со Бог за што и да било. Вистинскиот христијанин може секогаш да разговара со Бог и да биде вистински среќен во себе знаејќи дека Бог секогаш има време за него, секогаш го сака и го разбира точно како се чувствува. Дали ги знаеш оние карикатури кои велат: "Среќа е ...топла прегратка" или пак "Среќа е да имаш добар пријател"? Ние ќе измислиме една подобра: "Среќа е да можеш да разговараш со Бог во молитва". Ова е вистина, нели? Да, секако!

**Слика 1-2**

Пред многу години, всушност над илјада години пред да се роди Господ Исус, живеел еден млад човек по име Давид. Тој многу разговарал со Бог во молитва. Оваа случка за Давид е од Библијата, па, значи, е вистинита.

Давид многу добро свирел на харфа. Тој научил да свири уште како мало момче додека ги чувал овците на татка си по ридовите.Тој дури бил повикан да свири за царот Саул. Во Библијата имаме многу песни или псалми кои тој ги напишал, за да ги пее и да ги придружува на харфа. Всушност, тие се главно молитви кон Бог, бидејќи Давид Го сакал Бог - тој толку многу уживал што може да зборува со Него и да Му каже сѐ што му било во умот и во срцето. Понекогаш тој бил многу, многу среќен и неговото срце горело од желба да Му ги каже радосните нешта на Бог. Другпат пак имал вистински проблеми, на пример имал непријатели кои го исмевале и се обидувале да го повредат. Тој Му кажувал на Бог и за своите проблеми, всушност Му ги пеел на Бог, и се чувствувал многу подобро по тоа.

Дали има моменти кога ти се чувствуваш посебно среќен што го имаш Господ за свој Спасител и пријател? Нели е прекрасно што можеш да зборуваш со Него за сѐ, како што правел Давид многу одамна, во библиското време?

**Слика 1-3**

Ана беше едно девојче на 9 години кое посетуваше Клуб на Добрата Вест. Толку ѝ беше убаво во Клубот во тоа петочно попладне. Таа беше восхитена да ја чуе библиската лекција и да ги пее песните кои сите толку многу ги сакаа. Таа беше поверувала во Господ Исус како свој Спасител претходната година и беше многу среќна што е вистинска христијанка. По Клубот таа потскокнувајќи си отиде дома и влезе во својата спална. Мајка ѝ и татко ѝ не одеа во црква. Тие не Го познаваа ниту го сакаа Господ Исус, па затоа Ана не можеше толку многу да разговара со нив за прекрасните работи што ги учеше од Библијата. Така таа клекна покрај својот кревет и сета своја радост ја излеа пред Бог. Толку беше задоволна што може сѐ да Му каже на Бог во молитва.

Ако Го имаш Исус како свој Спасител, и ти можеш да го правиш тоа - да Му кажуваш на Бог сѐ што е во твоето срце. Но можеби во оваа група има некои момчиња и девојчиња кои не го примиле Христос како свој Спасител. Вашите гревови не се простени и Бог не е ваш небесен Татко. Знаете, вие треба да се одвратите од вашите гревови, од мрзеливоста и себичноста, од лошото однесување и од другите грозни работи кои ве одделуваат од Бог. Треба да Го замолите Исуса да стане ваш Спасител и да влезе во вашиот живот, како што беше направила Ана. Дали ќе го направите тоа денес? Прифатете Го Исуса за ваш Спасител токму во овој ден и почнете да живеете по Негова волја.

**Слика 1-4**

Но ајде да се вратиме на случката со Давид. Додека сѐ уште бил многу млад, Бог на прекрасен начин го избрал Давид да стане цар на Израел по лошиот цар Саул којшто владеел во тоа време. Подоцна Давид станал и храбар борец исто така.

Сигурен сум дека ја знаете познатата случка кога Бог му помогнал да го убие џинот Голијат. Тој бил мал, и единственото негово оружје била една праќа и еден камен. Но тој беше научил да верува во Бог и Бог му ја дал победата.

Сите почнале да го слават него како прекрасен борец и велеле дека тој е подобар од злиот цар Саул. Се разбира дека тоа многу го разлутило Саул, па од тој момент Саул намислил да го убие Давида. Давид бегал да си го спаси животот. И знаете ли што? Се чини дека оттогаш тој напишал многу повеќе песни и псалми за Бог. Тој имал толку многу проблеми, и понекогаш се плашел и бил тажен. Затоа разговарал со Бог многу, многу пати. Речиси секојпат на крајот на молитвата тој се чувствувал многу посреќен, потсетувајќи се дека Бог знае сè за неговите неволи и Бог контролира сè.

**Слика 1-5**

Да, Саул навистина беше одлучил да го убие Давида, па тој морал да се крие во пустински места и на планините далеку од царскиот дворец. Не дека Давид бил страшливец; но Бог не сакал тој да се бори за да стане цар. Бог му беше ветил дека еден ден тој ќе стане цар, а Бог го одржува Своето ветување во вистинско време. (Остави го картограмот.)

Пред илјадници години царот Давид разговарал со Бог за своите големи тешкотии. Денес многу луѓе сè уште се соочуваат со тешкотии и со проблеми за кои треба да Му се молат на Бог. Јас ја замолив Ана да ни раскаже за времето кога таа разговарала со Бог во молитва за нешто тажно што ѝ се случило во нејзиниот живот, и за тоа како Бог ѝ одговорил. (Учителе, ти би можел да ѝ помогнеш на "Ана" да го каже своето сведоштво за молитвата во облик на кратко интервју, одговарајќи на прашања, како на пример овие:

Ана, дали ќе ни раскажеш за некоја радосна или за некоја тажна ситуација?

Добро; ајде сега раскажи ни ја те молам?

Како се чувствуваше пред да се молиш?

Дали се чувствуваше исто откако се помоли?

Нели е прекрасно да можеш да разговараш со Бог за вакви работи?)

**Прикажи ја сликата 1- 5 повторно**

Но ајде да се вратиме на нашиот возбудлив расказ од Божјото Слово. Како се чувствувал Давид во годините кога се криел и бил ловен како зајак? Зарем не би било интересно да можеме да ги прочитаме неговите мисли во тоа време? Па возбудливото нешто е дека знаеме што тој размислувал, бидејќи тој ги напишал некои од своите молитви кои подоцна Му ги испеал на Бог. Тој го поучувал своето семејство и своите пријатели на зборовите на неговите песни, па и тие исто така научиле да ги пеат. Многу луѓе сè уште ги пеат овие убави Псалми или молитви кон Бог кога одат в црква во неделите.

Ајде да ги слушнеме зборовите од почетокот на една од овие молитви. (Учителе, пред часот две или три повозрасни деца кои добро читаат, или пак некој помошник, нека отворат кај Псалмот 57 и нека се подготват да ги прочитаат првите два стиха.) Јован, ќе го прочиташ ли првиот стих, а ти Марија вториот стих од Псалмот 57. Ние сите ќе размислиме што Му кажува Давид на Бог кога почнува да се моли. (Се прочитуваат двата стиха.) "Смилувај ми се, Боже, смилувај ми се, зашто мојата душа се надева на Тебе! Под сенката на Твоите крилја ќе се засолнам, додека не мине опасноста. Кон Севишниот Бог повик упатувам, кон Бога, кој Своите намери за мене ги исполнува."

Нели се убави овие стихови? Што Му вели Давид на Бог? (Учителе, дозволи децата да одговорат.) Да, тој Го моли Бог да биде милостив спрема него и да му помогне, исто како што мајката кокошка ги заштитува малите пиленца под своите крилја кога се во невола. Зар не е прекрасно што Бог е толку прекрасен и толку полн со љубов?! Тој сака да се грижи за нас.

Знаете ли кога била напишана оваа молитва? Ако погледнете на почетокот на Псалмот 57, таму во некои Библии ги пишува следниве зборови ... (Учителе, може пак некое дете или твојот помошник да ги прочита овие зборови. Колку повеќе деца учествуваат во лекцијата, толку повеќе ќе запаметат.) ..."Давидова молитва, кога тој избега од Саул во пештерата."

**Слика 1-6**

Ајде да ви објаснам подобро за тоа што се случило. Неколкупати Давид морал да се крие во пештери за да избега од Саул. По еден повод, тој и неговата дружина се криеле во една многу голема пештера кога Саул со својата војска бил на лов во близината. Всушност, Саул отишол право во пештерата да се одмори. Давид и неговите луѓе се повлекле назад во темнината и се притиснале до ѕидовите на пештерата. Саул дури и не знаел дека тие се таму, па Давид можел лесно да скокне и да го убие. Навистина, Давидовите војници му рекле на Давид: "Сега имаш шанса. Бог го доведе овде за да го убиеш." Но Давид одговорил дека тој никогаш не би му го одзел животот на царот. Тоа би било грев против Бога. Давид дозволил Саул да избега, и не го повредил. Сигурен сум дека тој во своето срце му благодарел на Бог што тој и неговите луѓе не биле убиени ниту фатени.

Ајде пак да ја видиме молитвата која Давид ја напишал еден ден во една од тие пештери. Се сеќавате дека во почетокот тој Го моли Бог да го заштити. А Бог многу, многу пати одговарал на неговите молитви. Што Му вели Давид на Бог при

крајот на својата молитва? (Учителе, две деца нека ги причитаат стиховите 7 и 9.) "Подготвено е моето срце, Боже, подготвено е моето срце: ќе пеам и ќе свирам! Ќе Те славам меѓу народите, Господе, пред луѓето ќе пеам за Тебе."

Како се чувствувал Давид кон крајот на својата молитва? (Нека одговорат децата.) Да, зборувањето со Бог навистина му помогнало, нели?

**Слика 1-7**

Сите ние имаме тешки периоди, дури и христијаните кои Го љубат Господ Исус. Еве да размислиме за еден пример кој би можел да ти се случи. Ајде да си замислиме дека му е роденден на Павле. Тој ти е еден од најдобрите другари на училиште, но поради некоја причина која не ја разбираш, ти не си поканет на забавата. Тешко е да ги гледаш другите момчиња како одат накај Павлевата куќа на другиот крај од улицата, и да се чувствуваш толку отфрлен! Што правиш тогаш? (Децата нека размислат и нека одговорат.) Да, најмудрата работа - ги затвораш очите и разговараш со Господ во молитва. Сега, момчиња и девојчиња, помогнете ми да замислиме со кои зборови би Му се молеле на Бог во една таква ситуација? (Учителе, побарај од децата да кренат раце и да предложат што би можело да се каже во молитвата. Детето кое е христијанин можеби ќе Му каже на Бог за својата тага; ќе Му заблагодари на Бог затоа што го љуби и го разбира како се чувствува; можеби ќе Го замоли Бог да му помогне и понатаму да остане добар другар со Павле. Ти како учител, можеби ќе треба да им помогнеш малку, додека размислуваат за оваа ситуација.

Потоа постави уште едно или две прашања, како на пример:

1. Што мислиш, како би се чувствувал по молитва? (Веројатно многу посреќен, знаејќи дека Бог ја разбрал твојата тага.)

2. Дали мислиш дека по тоа Павле би те поканил на забавата? (Веројатно не. Господ не ги менува околностите секогаш. Почесто Тој ја менува нашата реакција спрема нив - што мислиме за нив.)

3. Што мислиш, како би се однесувал спрема Павле следниот ден? (Можеш да Го замолиш Бог да ти помогне да бидеш љубезен и да простуваш.)

**Слика 1-8**

Каква радост е да можеш да разговараш со Бог за среќни нешта, а и за тажни нешта исто така. Тоа е посебна привилегија за Божјите чеда. Ако сè уште не Му припаѓаш на Божјото семејство, бидејќи не си се одвратил од своите гревови и не си поверувал во Исус како во свој Спасител, тогаш таа привилегија не е за тебе. Но ако си загрижен поради своите гревови, токму попладнево можеш да дојдеш при Христос, и да Го замолиш да биде твој Спасител. Тој те љуби. Тој умре за тебе и сака да ти прости и да ти даде нов живот. Дојди при Него денес!

Ние ќе ја завршиме лекцијата денес со тоа што ќе дозволиме двајца или тројца од вас да разговараат со Бог во молитва. Би било тажно да имаме цела лекција за молитвата, а потоа да не се помолиме, нели? (Учителе помогни им на децата да предложат работи за кои би сакале да разговараат со Бог, и нежно охрабри некои од нив да земат учество на глас. Внимавај секое дете кое ќе земе учество да знае кога му е редот, и јасно да запомни што ќе Му каже на Бог.)

**Прашања за повторување од прватa лекција**

1. Зошто Јане беше многу среќен, но и малку разочаран исто така?
2. На кој начин разговорот на Јане со неговите родители беше слика на молитва меѓу христијанин и Бог? (Тој може да му каже на Бог сè што е во неговото срце. Бог сфаќа целосно. Тој може да нè утеши кога сме неуспешни, итн.)
3. Што сакаше Ана да Му каже на Бог во својата молитва по клубот на Добрата вест?
4. Денес прочитавме дел од еден псалм во кој царот Давид Му се моли на Бог. Кој беше тој псалм?
5. Што се молел тој на почетокот на псалмот?
6. Што се молел тој на крајот од псалмот?
7. Кога Давид ги молел овие работи од Бог?
8. Си замисливме во нашата лекција дека ти не си бил поканет на роденденска забава и дека си се молел на Бог за тоа. За што би можел да Му заблагодариш на Бог иако би се чувствувал отфрлен? (На пример, за тоа што Тој те љуби и сфаќа како се чувствуваш.)
9. Што би можел да побараш од Него во оваа тешка ситуација? (На пример, да му останеш добар другар на Павле; да те утеши.)
10. Размисли за други тешки моменти кога христијанското момче или девојче може да Му се моли на Бог.

## Втора лекција

## Молитвата - христијански духовен кислород

**Подготвително читање за учителот:** 2 Книга Царства 18 и 19.

(Учителе, ти не ќе треба да им ги објаснуваш на децата настаните од овие две глави, но треба да се запознаеш со расказоти со историската заднина.)

**Подготовка за учество на децата:** На крајот на лекцијата се предлага децата да нацртаат на лист хартија (или да објаснат со зборови) три ситуации кога тие би требало да Му се молат на Бог. Треба да ги купиш овие листови хартија пред часот. Децата би можеле да го направат ова дома, или на самиот час (ако има време и простор) и во тој случај ќе мораш да обезбедиш моливи, боички, итн.)

**Стих за учење напамет:** Повторување на Псалм 57:1

"... на Тебе се надева душата моја, и под сенката на крилјата Твои ќе се засолнам..."

**Централна вистина:** христијанинот треба да се моли.

Примена за **спасените** деца: Треба да Му се молиш на Бог често, за да живееш така како што Бог сака.

1. **Вовед:** Нуркачот на дното на океанот. ЦВ
2. **Развој на настаните:**

   А. Асирците ги победуваат околните земји

   Б. Дури и Самарија паѓа. Примена за неспасените деца внимателно да го слушаат Божјото Слово

   В. Асирците маршираат против Ерусалим

   Г. Итната потреба на царот Езекија да Му се моли на Бог и да верува во Него во таа вонредна состојба

   Д. Четири актуелни илустрации на ситуации во кои христијанските деца би требало да се молат:

   искушение да се украдат пари ЦВС

   закана од насилник на улица ЦВС

   соочување со тежок предмет на училиште ЦВС

   исповедање на грев пред Бог ЦВС

   Ѓ. Езекија добива заканувачко писмо од Сенахирим

   Е. Тој се моли на Бог за ослободување

   Ж. Бог му одговара преку Исаија дека ќе го спаси Својот народ
3. **Кулминација:**

   Тој го испраќа Својот ангел да уништи 185 000 Асирци
4. **Заклучок:**

   А. Езекија и Ерусалим спасени

   Б. Децата цртаат три илустрации за молитва во тешки ситуации. ЦВС

### Вовед Слика 2-1

Дали некогаш си гледал филм за нуркач кој слегува длабоко во длабочините на морето да бара бродови потопени пред многу години, или можеби да бара богатство? Возбудливо е да се биде таму долу на дното од океанот, нели? Но исто така е опасно да се биде таму. Тешко е да се живее и работи во тој воден, сино-зелен свет кој е толку различен од светот горе на кој ние сме навикнати со сонце, воздух и топлина. Има едно нешто кое го држи нуркачот жив и способен да ја врши својата работа. Дали знаеш што е тоа? Да, тоа е кислородот кој тој го носи во садовите закачени на неговиот грб, или доаѓа преку долги црева од бродот горе на површината на морето. Тој го дише кослородот за да се одржува во живот. Но кога не би го дишел кислородот, тој многу брзо би умрел таму на дното од океанот.

Дали знаете, деца, дека молитвата за нас христијаните е како кислородот за нуркачот. Ние живееме во свет во кој е тешко да се прави добро и да се задоволи Бог. Ние сме опколени од грешни работи кои можат брзо да нѐ потопат духовно. Ете затоа многу е важно да Му се молиме постојано на Бог и да Му веруваме Нему. Молитвата е наш духовен кислород кој го дишеме.

Минатата недела ве учев за тоа колку е прекрасно да можеш да разговараш со Бог во молитва. Но не сакам вие да мислите дека молитвата е едноставно само нешто пријатно кое можеме да го правиме понекогаш, како што е јадењето сладолед. Таа е многу, многу поважна од тоа. Таа е толку важна што ако ти не се молиш, навистина е невозможно да живееш онака како што Бог сака, да пораснеш како силен христијанин и да работиш за Него.

### Слика 2-2

Денес ние ќе размислуваме за еден човек од Библијата, Божјото Свето Слово. Овој човек сфатил дека единствениот излез од ужасно опасна ситуација е преку молитва кон Бог. Тој се викал Езекија и бил цар на Јудеја, кој живеел околу 700 години пред Господ Исус да дојде да живее на земјата. Тој бил добар цар кој Го љубел Бог и се трудел да го води својот народ да ги следи Божјите закони (2 Книга Царства 18:6).

**Слика 2-3**

Но јудејскиот народ имал суров и моќен непријател - асирската армија. Оваа голема армија се борела против другите земји и една по една сите ги победила. Најпосле стигнала до градот Самарија, кој бил веднаш до Јудеја. Луѓето од Самарија многу, многу пати го слушале Божјото Слово кое го поучувале Божјите пророци и гласници. Но тие не им обраќале внимание на многуте предупредувања кои Бог им ги давал, да се одвратат од своите грешни патишта и да веруваат во Него. А сега Бог дозволил Асирците да го освојат градот и да ги одведат луѓето како робови во туѓа земја.

Момчиња и девојчиња, ние мора да бидеме многу внимателни и да обрнуваме внимание на она што Бог ни го вели преку Неговото Слово. Овде, на овие часови, јас често пати ви кажував дека Бог сака да ве спаси од вашиот грев. Тој дури и Го испрати Својот сакан Син, Господ Исус Христос, да биде казнет за твојот грев. Но се плашам дека некои од вас не го послушале Божјото Слово, кое ви вели да се одвратите од вашиот грев и да поверувате во Исус како свој личен Спасител. Ако не се одвратиш од својот грев и не се свртиш кон Господ Исус, Бог ќе мора да те казни еден ден заради твојата непослушност спрема Неговиот глас. Сврти се кон Него ова попладне и прими го прекрасниот подарок на спасението кој Ти го нуди.

**Повторно покажи ја сликата 2-2**

Можеби Езекија си мислел дека Асирската војска никогаш нема да ја освои Самарија. Но Бог ѝ допуштил да ја освои. "Кого ли сега ќе го нападнат Асирците?" се прашувал Езекија. Па, знаете ли што се случило? Оваа ужасна војска се насочила кон југ за да ја нападне Јудејската земја во која Езекија бил цар. Сигурен сум дека јудејскиот народ бил многу, многу исплашен. Царот Езекија му испратил многу злато и сребро на Сенахирим, царот на Асирија, за да го задржи да не напаѓа. Но и понатаму моќната војска се приближувала.

Да можеше да му се приближиш на царот Езекија и да му шепнеш некој добар совет на уво, што ќе му речеше да стори? Ајде да ви дадам некои предлози, а вие кажете ми кој од нив е најважниот:

1. Организирај ја твојата војска навистина добро и обучи ги воените единици.
2. Дај им на сите твои војници добри копја и штитови.
3. Направи ги ѕидовите и кулите околу твоите градови поголеми и подебели.
4. Кажи Му на Бог сè за твојата страшна невола и верувај Му дека ќе те води и ќе ти помогне.

Да, советот да се моли на Бог и да верува во Него е најважната работа што Езекија би можел да ја преземе. Тој ги направил и другите работи исто така, но да се моли и да Му верува на Бог било најважно. Мислиш ли дека тој го сфатил тоа?

**Слика 2-4**

Таа е лекцијата која ти и јас треба да ја научиме исто така во многу тешки моменти во нашите животи. На пример, што би направил ти ако еден ден Сатаната ти стави една ваква ужасна мисла во твојот ум: "Слушај, ти сакаш да играш на флипери, нели? Е, па оди и укради сто денари од чантата на мајка ти. Таа никогаш нема да дознае, а ти ќе си се изнаиграш видео игри."

Да, ќе треба веднаш да се помолиш: "О Господе, помогни ми. Јас не можам да го надминам ова искушение без твојата помош!" И реши дека со помош на Господ ти нема да ги украдеш парите. Тој ќе ти помогне!

Или можеби на твојата улица има некој насилник кој те заплашува. Ти би можел да се помолиш: О Господе, ти благодарам што си со мене и што јас можам да ти верувам. Или пак би можел да се молиш со зборовите на царот Давид кои ги научивме во нашиот стих за напамет-ајде да го кажеме пак сите заедно: "На Тебе се надева душата моја, и под сенката на крилјата Твои ќе се засолнам." Бог може да го отстрани твојот страв и да ти даде мир во срцето.

**Слика 2-5**

Или можеби имаш некој предмет на училиште кој ти е тежок. Треба да се молиш и за тоа, нели?

Или да речеме дека еден ден си ја загубил контролата и си кажал лоши зборови. Колку е потребно да се молиш на Бог да ти прости, барајќи од Него исто така да ти помогне да не се оддалечиш од Него и да не правиш други лоши работи.

Како Божји чеда ние треба многу да се молиме секојдневно, зарем не? Тоа е начинот да останеме блиску до Господ и да живееме животи кои се по Негова волја. (Учителе, ако мислиш дека е погодно, ова би бил добар момент за да дозволиш децата да кажат свои искуства кога тие се молеле на Бог во тешки моменти. Или би можел да ги охрабриш да си замислат ситуации кога тие би се молеле на Бог за помош.)

И, момчиња и девојчиња, вие ќе забележите нешто прекрасно - кога ќе ги принесете овие проблеми и тешки ситуации при Господ во молитва, тој ќе донесе мир во вашите срца и ќе ја отстрани бурата од грижи и страв.

Но ајде повторно да се вратиме кај царот Езекија. Ужасната и силна војска од Асирци напредувала, и стигнала до ѕидовите на Ерусалим, главниот град. Царот Сенахирим, нивниот зол водач, испратил тројца гласници да побараат јудејскиот народ да се

предаде. Тие стоеле близу до градот и громогласно извикувале навредливи зборови. Тие сакале не само гласниците на царот Езекија да ги чујат заканите, туку и сите луѓе од Ерусалим кои слушале од своите места на широките ѕидови кои го штителе градот.

**Слика 2-6**

Гласниците на Сенахирим извикувале: " Не верувајте му на Езекија, вашиот цар. Тој нема шанси да ве спаси (2 Царства 18:29). А не треба ни во Бог да верувате! Тој не може да ве спаси! Дали боговите на другите царства кои ние ги победивме ги спасија своите народи? Се разбира дека не!" (2 Царства 18:33). Тие дури го споредувале вистинскиот Бог на небото со лажните идоли на безбожните луѓе! Луѓето од Ерусалим трепереле при овие злобни закани и навреди против нив и дури против самиот Бог.

Сенахирим исто така ги напишал сите овие заканувачки пораки во едно писмо кое му го пратил на царот Езекија. И што мислите, што направил Езекија кога го примил писмото? Ајде да погледнеме што ни вели Библијата. Сашко (или мојот помошник) ќе ни прочита. Јас сакам вие да слушате многу внимателно и да ми кажете четири работи кои царот Езекија ги направил кога го примил писмото. И сакам да размислите: која од четирите работи кои тој ги направил беше најважната? (Сашко чита од 2 Царства 19:14 и почетните зборови од стихот 15.) Сега, ајде да размислиме: кои биле тие 4 работи?

(Учителе, допушти децата да ги пронајдат. Може да биде неопходно да се прочитаат стиховите повторно.) Да... тој го прочитал писмото... тој отишол во Господовиот Дом... го одвиткал пред Господ... и се помолил.

**Слика 2 -7**

И која е најважната работа? Да, тој се помолил. Јас сакам да ви прочитам малку од неговата убава молитва. (Учителе, прочитај што повеќе од оваа прекрасна молитва, 2 Царства19:15-19 колку што твоите ученици ќе можат да слушаат со внимание. Или скрати ја според распонот на нивното внимание. Но верувај во Господ дека децата ќе зграпчат нешто од Божјата голема моќ и од верата на Езекија во Него.)

Дали мислиш дека Бог ја слушнал молитвата на Езекија, Неговото чедо? Да, се разбира, токму како што ќе ја слушне и твојата молитва, без разлика што е, и во која било проблематична ситуација. Јас сум сигурен дека веднаш потоа Езекија го чувствувал тој прекрасен мир во своето срце. Тој исто така си правел свое засолниште под сенката на Божјите моќни крилја! А Бог не само што ја слушнал неговата молитва, туку и одговорил на неа.

Пред сè Бог му зборувал на Езекија преку пророкот Исаија и му кажал дека Асирците нема да го освојат Ерусалим (2 Царства 19:20,32,33,34). Тие нема дури ни да истрелаат ни една стрела кон градот, ниту ќе фрлат копје кон неговите ѕидини! Но како можел Бог да го спаси Својот народ од оваа силна и зла војска?

**Слика 2-8**

Па, истата таа ноќ Бог го испратил Својот ангел во кампот на Асирците за да ги уништи, и додека уште било темно, 185 000 војска загинала. Кога останатите станале изутрината имало илјадници мртви тела насекаде околу нив. Сега тие немале шанси да го нападнат Ерусалим! Така, тие се вратиле назад во својата земја, а Езекија, неговиот народ и градот Ерусалим биле спасени! Тие не можеле да ја победат асирската армија, но Бог го сторил тоа, кога тие Му се молеле и верувале во Неговата сила. Езекија и неговите војници не морале ни да се наоружаат!

Секојдневно има многу моменти кога и ти, како христијанско момче или девојче, треба да Му се молиш на Бог. Треба да Го замолиш да ти помогне во конкретниот проблем со кој се соочуваш во тоа време. Можеби тоа се противници како кај Езекија, или можеби тоа е опасност од паѓање во грев. Или можеби треба да Го замолиш Бог да ти прости ако си направил нешто што е лошо.

**Практична работа**

Ќе ви дадам на секој по еден молив, неколку боички и лист хартија разделен на три дела. Сакам помалите од вас да нацртаат три слики за моменти кога треба да Му се молите на Бог. Можеби на училиште кога се бориш со тешка задача; или можеби дома кога ѓаволот те искушува да излажеш; или можеби кога си играш на улица и кога сакаш да Го замолиш Бог да те заштити од некоја опасност; или можеби дури и на Клубот на Добрата вест кога Го молиш Бог да ти помогне да го слушаш Неговото Слово. Размисли за некои места кадешто треба да се молиш за Божјата помош, како што правел и царот Езекија. Поголемите од вас можат да нацртаат слика или да опишат три ситуации секоја во еден или два пасуса. Ставвете еден наслов горе на листот: "Христијанинот треба да се моли," а најдолу на листот ...дома, ...на училиште, ...на улица, ...на Клубот на Добрата вест, или друго што ќе изберете.

Запомни дека ако сè уште не си христијанин, чедо Божјо, Господ само ветува дека ќе ги одговори молитвите на Своите чеда. Но се разбира дека и ти можеш да ги црташ сликите. Ние се молиме дека набргу и ти исто така да бидеш вистински христијанин.

| Христијанинот треба да се моли | | |
|---|---|---|
| дома | на училиште | на улица |

**Прашања за повторување од втора лекција**

1. Нуркачот има многу опасна работа работејќи под вода. Што го одржува во живот?
2. На кои начини христијанинот живее во овој грешен свет како нуркач?
3. Како се викал царот за кој учевме денес?
4. Кој бил моќниот непријател на царот Езекија и неговиот народ?
5. Зошто Бог дозволил асирската војска да го пороби градот Самарија?
6. Кога војската се приближила до Ерусалим, што направиле водачите за да ги уплашат луѓето од градот?
7. Кои се четирите работи кои царот Езекија ги направил кога го добил заканувачкото писмо?
8. Размисли за три ситуации кога ти би можел да го "излееш твојот проблем пред Господ во молитва" како што направил царот Езекија.

## Трета лекција

# Моите молитви Му носат радост на Бог

**Подготвително читање за учителот:** Матеј 21:10-17; Лука 17:11-18; Псалм 40:5; Откровение 5:11-14

**Понатамошни подготовки на учителот:** Ако имаш касета со "Месија" од Хендл, подготви се да го пуштиш рефренот "Достојно е Јагнето" каде што е назначено во текстот (или добра снимка од песната "Достоен си"). Ова не е неопходно, но ќе биде возбудливо искуство за децата ако ги запознаеш со краток извадок од ова величествено музичко дело во твојата лекција.

Оваа лекција е дополнителна на Првата лекција, каде ти поучуваше дека молитвата му носи радост и мир на христијанинот. Овде ти сакаш да предаваш дека нашата молитва може да Го радува Бог, особено кога Го славиме и Му благодариме.

Обезбедени се и прашања за повторување, за да се поставаат по избор, или по лекцијата или следната недела.

**Стих за учење напамет:** Псалм 51:15

"Господе, отвори ми ги усните, и мојата уста ќе ја објавува Твојата слава!"

**Централна вистина:** Бог сака да ги слуша моите молитви.

**Примена за спасените деца:** Слави Го Бог и благодари Му, и така ќе Го зарадуваш.

**Примена за неспасените деца:** Во лекцијата е мала. Во други делови од програмата (на пр. во погодни моменти) можеш да поучуваш евангелски вистини.

1. **Вовед:** Мајката овца и нејзиното јагне.
2. **Развој на настаните:**
   - **А. Христос го очистува храмот**
   - Б. Децата бурно Го слават како "Син Давидов"
   - В. Нивното славење радосно е прифатено од Христос. ЦВС
   - Г. Објаснување на славењето*
   - **Д. Христос ги исцелува десеттемина лепрозни**
   - Ѓ. Едниот се враќа да се заблагодари
   - Е. Христовите чувства на радост се измешаа со тага*
   - Ж. Разговор за нештата кои можеме да ги видиме и за кои треба да благодариме. ЦВС*
   - З. Разговор за работите кои не можеме да ги видиме и за кои треба да благодариме. ЦВС*
   - Ѕ. Разговор за разликата меѓу "славењето" и "благодарењето". ЦВС*
   - И. Важноста на молитвата кон Господ секое утро и вечер
   - **Ј. Сцената со обожавањето на небото** (Отк. 5)
   - К. (Рефренот од "Достојно е Јагнето" од "Месија" од Хендл). ЦВС
   - Л. Предложи децата кои не одат в црква да ги поведеш во твојата црква

### Подготовка за учество на децата

*Во различни моменти од лекцијата, обележани со ѕвездички во горенаведениов краток преглед, се предлага поставување прашања на децата за размислување и давање свои одговори. Гледај да ги употребиш овие или други прашања за децата да земат поголемо учество во процесот на учењето.

### Вовед

Еден ден кога бев излезен на прошетка, јас видов големо стадо овци во полето. Едно мало јагне, меѓутоа, се протна низ една дупка во оградата, и така се најде на патот далеку од другите овци. Одеднаш тоа се почувствува малку осамено и почна да блее: "бее, бее" со тенок нежен глас викајќи ја својата мајка. Големата мајка овца многу бргу забележа дека нејзиното мало јагненце залутало, па таа почна да го повикува и да го бара. Во еден момент таа го чу неговото блеење и веднаш колку што можеше побргу потрча низ дупката во оградата за да му помогне на јагнето да си го најде патот назад. Таа навистина изгледаше многу среќна кога го слушна нежното блеење на своето јагне!

### Слика 1-8

Ова на некој начин ме тера да размислувам за нас, кога ние му се молиме на Бог. Во првата лекција зборувавме колку е прекрасно да можеме да разговараме со Бог... колку тоа нè прави среќни! Потоа, минатата недела учевме колку е важно и неопходно да се молиме. Но денес, јас сакам да научиме уште повозбудлива и прекрасна вистина; а тоа е дека и Бог е исто така задоволен кога ние разговараме со Него. Токму како што мајката овца се радува да го слушне гласот на своето јагне, Бог, на многу попрекрасен начин сака да го слушне гласот на Своите чеда!

Во Псалм 40:5 Давид пишува: "Многубројни се, Господе... Твоите планови за нас." Тоа едноставно значи дека Бог постојано мисли на нас и чека да зборуваме со Него. Знаете, Господ никогаш не спие - Тој нема потреба да се одмора како нас. Тој е постојано буден и Неговите мисли се свртени кон тебе, токму како да те чека да се разбудиш и да почнеш да зборуваш со Него. Веднаш штом ќе се разбудиш наутро, можеш да се потсетиш дека Бог веќе мисли на тебе. Во почетокот на денот можеш

да поминеш неколку моменти благодарејќи Му за тоа, разговарајќи со Него и наоѓајќи се блиску до Него.

### Слика 3-1

Еден ден, додека живеел на земјата, Господ Исус отишол во храмот. Можеби сакал да се моли, или пак да го слуша Божјото Слово. Но кога влегол, знаете ли што нашол таму? Во дворот на храмот постоел пазар. Таму имало многу луѓе кои продавале животни и гулаби кои служеле за жртвување на Бог. Други луѓе пак, им менувале пари на патниците кои доаѓале од секаде.

Сите ѕвекотеле, зборувале, викале, додека ги вршеле своите бизниси. Никој не се присетувал дека се наоѓа на место кое било направено за молитва кон Бог, за пеење и славење на Бог, и за слушање на Неговото Слово. Тие ни за еден момент не помислувале на Бог! Господ Исус бил навреден и лут. Библијата ни вели дека Тој ги истерал сите овие трговци и менувачи на пари надвор од храмот, викајќи им со силен глас дека Бог рекол: "мојот дом ќе се нарече дом на молитва, а вие го направивте разбојничко дувло".

### Слика 3-2

Кога бучните, брбливи трговци заминале, луѓето со потреби дошле при Исус. Кои биле тие? Па, тие биле слепите и сакатите луѓе. Со љубов и нежност Исус ги исцелувал. Таму имало и некои деца кои набљудувале и кога ги виделе прекрасните работи кои Исус ги правел, почнале радосно да извикуваат: "Осана на Давидовиот Син". "Давидовиот Син" значело Месијата или Спасителот кој дошол да го спаси Својот народ! Тие биле толку восхитени и задоволни што Исус дошол!

Но таму имало и некои други луѓе кои набљудувале-првосвештениците и книжниците, религиозните луѓе кои требале да им ги објаснуваат Божјото Слово и Божјите мисли на луѓето. Наместо да се израдуваат слушајќи ги децата како гласно Го слават Господ Исус, тие се лутеле и биле незадоволни. Се завртеле кон Исус и Го запрашале: "Зарем не слушаш што велат тие? Зарем не слушаш дека тие те нарекуваат Месија и Спасител?" Што мислите, што одговорил Исус? Тој рекол: "Да, слушам; Бог ги поттикнал овие мали деца да ме прославуваат". Тој со големо задоволство го прифаќал нивното славење. Тие деца Го нарекле Давидов Син; ти можеш да Го наречеш со други прекрасни имиња. Можеш да Го наречеш "мој Бог" и "мој Спасител". Можеш да Го прославуваш бидејќи Тој е толку голем што го држи сиот свет во Своите раце. Можеш да Го прославуваш зашто Тој е толку полн со љубов и толку моќен, зашто е насекаде, а сепак толку блиску до тебе.

### Слика 3-3

Дали некогаш си мислел дека само возрасните можат да се молат и да Го слават Бог? Таму во храмот, возрасните не Му дале слава, туку децата! А Исус не само што им дозволил да Го прославуваат, туку и со вистинско задоволство ги слушал нивните зборови на љубов. Јас не знам дали некои од вас одат на молитвен час во вашата црква или сала. Се разбира, ти секогаш можеш да се молиш и да прославуваш тивко во своето срце, но немој да се плашиш да се молиш и на глас исто така. Можеби на некои постари луѓе ќе им биде чудно да чујат дете како се моли, но Господ Исус сигурно ќе те чуе, и со голема радост ќе го слуша твојот глас.

Дали сега разбираш што значи "да Го прославуваш Господ Исус"? Ајде да видиме кој може да ми го објасни ова. (Учителе, дозволи децата да одговорат. Помогни им да искажат што значи да Му се каже на Господ колку е тој прекрасен спрема нас... дека е голем и моќен, полн со љубов и семудар, итн.)

Но ајде да ви кажам за другпат кога Господ Исус бил задоволен од зборовите кои еден човек Му ги кажал...

### Слика 3-4

...Еден ден Господ Исус патувал со своите ученици одејќи пеш по прашливите патчиња на Палестина. Како што се приближувал до едно село, можел да забележи една група луѓе кои се држеле надалеку од Него и извикувале нешто кон Него. Зошто тие не се приближиле барем малку? Исус ги слушнал нивните извикувања. Овие луѓе страдале од една ужасна болест наречена лепра, така што не им било дозволено да се приближуваат до други луѓе за да не ги заразат и нив. Во тие денови немало никаков лек за лепрата, но веројатно некој им кажал на овие луѓе дека Исус може да ги исцели, и дека Тој поминува низ тоа село. Па така сега тие стоеле и срдечно Го повикувале: "Исусе, господаре, имај милост на нас".

Исус бил полн со љубов и моќ, и, се разбира, сакал да им помогне. Тој едноставно им рекол: "Отидете и покажете им се на свештениците". Свештениците биле оние луѓе кои одредувале дали некој е болен од лепра или не. Со други зборови, Исус им кажал: "Отидете при свештениците и покажете им дека јас ве исцелив". Одвај осмелувајќи се да поверуваат дека тоа е возможно, препнувајќи се, тие застанале на своите сакати нозе и пошле да се видат со свештениците во градот. Како што оделе така, одеднаш, откриле дека се исцелени. Лепрата ја немало веќе. Нивната кожа која пред тоа била заболена и со белези, сега повторно била чиста и здрава. Колку ли само биле среќни и весели кога трчале и радосно извикувале.

**Слика 3-5**

Но еден од нив застанал, се завртел и тргнал назад. Каде ли одел? Назад каде што Исус ги сретнал! Кога го нашол Господ Исус, паднал ничкум пред Него, искажувајќи Му благодарност што го исцелил. Што мислиш, како се чувствувал Исус? Од една страна се чувствувал многу, многу радосен, но од друга страна се чувствувал тажен. Се прашувам, дали некој од вас може да објасни зошто се чувствувал радосен и тажен во исто време? (Учителе, дозволи децата да дадат предлози.) Да, Исус се чувствувал многу радосен бидејќи овој човек се вратил за да Му заблагодари што го исцелил, но во исто време се чувствувал тажен бидејќи останатите деветмина не се помачиле да Му кажат "благодарам".

Се прашувам, дали ти Го радуваш, или пак Го растажуваш Господ Исус? Дали се присетуваш да Му дадеш благодарност за сета Негова добрина спрема тебе? Да, Исус е радосен кога ти Му благодариш. Но, дали некогаш си помислил дека Тој е тажен и повреден кога не Му благодариш?

**Слика 3-6**

Ајде сега да размислиме за некои работи за кои можеме да Му благодариме на Господ. Можеме да Му благодариме за работите кои можеме да ги видиме како што се храната и облеката, а можеме да Му благодариме и за духовните благослови кои не можеме да ги видиме како простувањето на нашите гревови. Дали можеш да се сетиш на уште три други духовни благослови? (Учителе, дозволи децата да предлагаат. Можеш да им помогнеш да размислуваат за нештата како што се "умирањето на крстот заради нас, давањето вечен живот, тоа што секогаш е со нас, што ни подготвува дом на небото", итн.) А на три други работи кои можеме да ги видиме и за кои треба да благодариме? (Учителе, повторно дозволи децата да земат учество. Можеби ќе можеш да им помогнеш да предложат нешта како: нашите родители, нашиот клас, нашите пријатели, Библијата, итн.)

Еве сега едно навистина тешко прашање. Која е разликата меѓу "славењето на Господ" и "давањето благодарност на Господ "? (Направи пауза за децата да имаат време да размислат и да предложат еден или два одговора.) Да, кога Го славиме Господ, ние Го славиме за она што Тој е: - Тој е моќен, Тој е полн со љубов, Тој знае сè. Давање благодарност значи да Му благодариме за она што Тој го сторил за нас: - умре на крстот за нашите гревови, ни прости, се грижи за нас, секојдневно ни дава храна итн.

Дали "славењето" и "давањето благодарност" се обете важни? Да, важни се. Кога Му ја даваме нашата слава и нашата благодарност на Бог, Тој е навистина задоволен и со радост ги слуша нашите гласови. Дали ќе се обидеш на овој начин секојдневно да донесуваш радост во Господовото срце? Секое утро пред да заминеш на училиште, можеш да одвоиш неколку минути, да застанеш на колена покрај својот кревет, да прочиташ неколку стихови од Библијата и внимателно да размислиш за нив. Потоа можеш да се помолиш на Господ, молејќи од Него помош и благослов за тој ден, но не заборавајќи исто така да Го славиш и да Му благодариш.

Многу често, од стиховите кои ги читаш, ќе откриеш нешто за Бог или за Господ Исус, па додека размислуваш за тоа, можеш да Го славиш Господ заради тоа нешто. Понатаму, кога си легнуваш навечер, токму пред да заспиеш, благодари Му за сета Негова љубов и грижа. Тоа ќе донесе среќа во Неговото срце, а и во твоето исто така!

**Слика 3-7**

Сега, за последен пат денес, да погледнеме во Божјото Слово. Сакам да слушнете нешто многу прекрасно од Откровението, последната книга од Библијата. Писателот Јован, воден од Бог, ни опишал какво е небото. Бог му го покажал тоа прекрасно место, а токму насреде, Јован видел престол на кој седел Бог Таткото. Потоа, по некое време, тој Го видел Господ Исус на престолот. Јован Го нарекува Него Јагне. Дали разбираш зошто го нарекува со тоа име? Ајде да објаснам малку. Пред Исус да дојде да живее на земјата, кога некој сакал да дојде во Божјото присуство, тој морал да донесе животно - најчесто тоа било јагне, и тоа бивало убиено и принесено на олтар пред Бог.

Таквиот човек всушност го кажувал ова: "Грешев и правев лоши работи. О Господе, заслужувам да умрам што не ги послушав твоите заповеди; но ова јагне умира наместо мене, тоа умира наместо јас." Тие животни не можеле вистински да ги заменат грешните луѓе. Тие само биле слика на Господ Исус кој дошол со години подоцна. Тој бил наречен Јагне Божјо и навистина умрел заради нашите гревови на крстот. Но откако умрел, тој воскреснал од гробот, и се вратил назад на небото. Тој сега таму нè чека нас, кои го љубиме, еден ден да отидеме и да Му се придружиме.

А во книгата Откровение, Јован опишува една прекрасна сцена на небото. Божјиот престол е опколен од илјадници и илјадници луѓе кои биле спасени од нивните гревови. Сите тие се молат на Бог и на Господ Исус, јагнето Божјо. Што велат и што пеат тие? Ајде да ги слушнеме зборовите од Откровението 5:13.

(Учителе, ако имаш плоча од "Месија" од Хендл, би можел да им го пуштиш рефренот "Достојно е јагнето" на децата да го слушаат. Сигурен сум дека тоа ќе биде вистински благослов, и ќе им помогне да Го слават.)

**Слика 3-8**

Зарем не е тоа една прекрасна песна на славење? Ако си Го замолил Господ Исус да биде твој Спаситер, и Го љубиш, еден ден и ти ќе бидеш на небото и ќе ги пееш тие прекрасни зборови! Но ти не мора да чекаш да стигнеш на небото за да Го славиш Господ. На небото ние ќе можеме да Го славиме Господ совршено - многу подобро отколку што можеме сега - но Бог сака да Го славиш секојдневно. Тоа можеш да го правиш секое утро кога разговараш со Него во молитва. И во неделите исто така, Тој би бил задоволен кога ти би одлучил да одиш во црква или во неделно училиште. Во црквата ние се собираме заедно со други луѓе кои Го љубат Господ и сакаат да Му се молат, да Го слават и да го слушаат Неговото Слово. Песните кои христијаните ги пеат се најчесто песни за слава на Бог. И ако ти си вистински христијанин, можеш од сè срце да Му ги пееш на Господ, знаејќи дека Тој слуша и е задоволен од твоето славење. Ако не одиш во црква, ќе ми биде мило да те поведам со себе. (Учителе, биди подготвен децата кои не одат во црква да ги поведеш со себе в црква во недела.)

**Прашања за повторување од третата лекција**

1. Што ни кажува псалмистот Давид за Божјите мисли (Псалм 40:5)?
2. Со кое име децата во храмот од љубов Го нарекуваа Исус?
3. Кои прекрасни имиња ние можеме да Му ги дадеме?
4. Можеш ли да ми кажеш што значи "славење"?
5. Од каде знаеш дека Господ би сакал да чуе дете да Го слави на црковен молитвен собир?
6. Зошто Исус беше и радосен и тажен кога еден од лепрозните се врати да Му заблагодари?
7. Предложи пет работи кои можеме да ги видиме и за кои треба да Му благодариме на Бог.
8. Предложи три невидливи духовни благослови за кои можеме да Му благодариме на Бог.
9. Размисли за два добри моменти во текот на секој ден за славење и благодарење на Господ.

## Четврта лекција

## Другите луѓе имаат потреба од моите молитви

**Подготвително читање за учителот:** 1 Книга Мојсеева 18:16-33

**Подготовка за учество на децата:** На крајот од лекцијата, ние предлагаме на секое дете да му се даде по еден лист и молив и да наброи пет групи на луѓе за кои тоа треба да се моли. Учителот треба да се снабди со приборот пред часот, и да реши дали децата ќе ги користат столчињата, или пак ќе им требаат клупи за да се потпрат. Алтернативно, можеби ќе треба да набави парчиња од картон.

Оваа практична работа е наменета за спасените деца, но и необратените можат исто така да земат учество.

Би било корисно исто така, ако ти како учител, им ја појасниш оваа активност на децата со тоа што ќе го нацрташ цртежот и ќе ги напишеш зборовите на табла, или на картон со фломастер (види ги упатствата на крајот на лекцијата).

Помалите деца можат само да ја нацртаат "раката" без да ги додаваат зборовите.

**Стих за учење напамет:** 1 Сам. 12:23

"Јас нема да си дозволам грев пред Господ да престанам да се молам за вас."

**Централна вистина:** Бог ми вели да се молам за другите. Целта е да се поучат спасените деца дека тие можат да Му служат на Бог преку застапување за другите. Ние исто така би сакале тие да сфатат дека неизвршувањето на одговорноста да се молат е грев пред Бог, како што укажува и стихот за напамет.

**Примена за спасените деца:** Моли се за семејството, наставниците, мисионерите, владетелите, болните луѓе и другарите.

1. **Вовед:** Меѓуконтинентални проектили
2. **Развој на настаните:**
   А. Авраам човек на молитва, секогаш правејќи Му жртвеници на Бог

   Б. Бог ги посетува Авраам и Сара (1 Мој. 18:2)

   В. Авраам ги послужува тројцата гости

   Г. Бог му ветува син на Авраам (1 Мој. 18:9-15)

   Д. Бог ја открива можноста за уништување на Содом (1 Мој. 18:2)

   - примена за **неспасените**-(Бог го казнува гревот)

   Ѓ. Авраам сфаќа дека може да помогне преку молитва. ЦВС

   Е. Нудење лична помош на неспасените деца

   Ж.Авраам се моли за Содом и за Лот. ЦВ
3. **Кулминација:** Бог го уништува Содом, но го спасува Лот поради молитвата на Авраам. ЦВС
4. **Заклучок:** Практична работа - цртање "рака" за да се прикажат пет групи луѓе за кои можеме да се молиме.

### Вовед

Дали знаеш што е меѓуконтинентален проектил? Тоа е едно ужасно воено оружје кое може да се истрела од еден дел на светот, се вивнува високо на небото, а потоа паѓа надолу во друг дел на светот и експлодира со сравотна моќ, правејќи ужасна штета.

**Слика 4-1**

На некој начин и молитвата е таква, но наместо да направи штета, таа го прави токму спротивното; таа прави добро. Можеш да се молиш во еден дел на светот, Бог ја слуша твојата молитва горе на небото, а потоа одговорот на твојата молитва може да се почувствува со сравотна моќ во некој друг дел на светот, можеби илјадници километри подалеку од твојот дом. Бог може таму да благослови, затоа што ти тука си се молел.

Да, една од најважните видови молитви е молитвата за потребите на другите луѓе. Во Стариот Завет ни се раскажува за еден човек кој уживал да се моли. Се прашувам дали можете да го погодите неговото име. Еве неколку досетки:

1. Тој живеел околу 2000 години пред да се роди Христос.
2. Бог го повикал да го напушти својот дом во градот и да оди на едно долго патување.
3. Често не знаел каде го води Бог.
4. Постојано патувал.
5. Најголемиот дел од својот живот го живеел во шатор.

**Слика 4-2**

Погодивте ли кој бил тој? Тој човек бил наречен Авраам. Секаде каде одел, Авраам Му правел камени жртвеници на Бог. На тие жртвеници тој жртвувал јагне или некое друго животно за Бог и тогаш зборувал со Бог во молитва и така станувал близок со Него. Веројатно Авраам оставил голем број жртвеници зад себе бидејќи многу, многу години поминал во движење. Дали си ти како Авраам - секаде каде одиш разговараш со Бог во молитва -

дома, на училиште, кога возиш велосипед (се разбира дека ќе мора да ти бидат отворени очите кога се молиш на велосипедот!), в црква, на игралиште. Навистина е прекрасно што можеме да зборуваме со нашиот сакан Небесен Татко на кое било место, знаејќи дека Тој секогаш е покрај нас, спремен да нè слушне.

Еден ден, кога Авраам и неговата жена Сара веќе биле многу стари, Бог решил да ги посети. Бог сакал Авраам да може да Го види, па така се појавил во облик на човек. Со Него дошле уште двајца други - веројатно тоа биле двајца ангели.

**Слика 4-3**

Авраам си седел на влезот од својот шатор, кога, во најголемата жештина од денот, ги здогледал овие тројца посетители како му се приближуваат. Авраам бил многу љубезен човек, па иако бил многу стар, тој им притрчал во пресрет. Ги довел кај својот шатор и повикал еден слуга да им ги измие нозете. Потоа Сара подготвила вкусно јадење за гостите - кревко месо, путер, млеко и вкусни слатки.

Кога завршиле со јадењето, Бог му дал едно прекрасно ветување на Авраам. Тој му рекол дека Сара ќе роди син. Таа била многу, многу стара и никогаш немала деца, па затоа не можела да поверува во тоа ветување. Но Самиот Бог му рекол на Авраам: "Има ли нешто невозможно за Господ?" Се разбира дека нема. Сара ќе го роди својот син, како што Бог беше ветил.

**Слика 4-4**

Но Бог имал и една тажна вест за Авраам. Бог го набљудувал лошотилокот на луѓето во еден град во близина каде што живеел Авраам. Градот се викал Содом, а во него живеел и внукот на Авраам по име Лот. Бог го гледал Авраам како Свој драг пријател; Затоа решил да му каже дека луѓето во Содом се толку лоши, што ќе мора да ги уништи и нив, и нивниот град. Веројатно Бог бил многу растажен, а и Авраам исто така.

Понекогаш ние си мислиме дека Бог е толку љубезен и толку добар што не би можел да го казни гревот. Но Библијата многу јасно нè учи дека Бог не е само многу љубезен и полн со љубов. Тој исто така е и целосно свет, праведен и совршен. За Него гревот е нешто многу грозно и ужасно. Бог морал да го казни гревот на луѓето од Содом, бидејќи тие не сакале да се одвратат од своите зли патишта. Мислиш ли дека можеш да грешиш против Бог, вршејќи секакви лоши работи, како на пример да лажеш, да мамиш, да си нељубезен, и мислиш ли дека Бог нема да забележи? Бог не може туку така да го игнорира твојот грев. Но Тој не сака да те казни. Тој всушност го испратил Својот единствен Син, Господ Исус на овој свет, за да ја добие казната која ти ја заслужуваш. Ако ти се одвратиш од твоите гревови и Го замолиш Исус да стане твој Спасител, Бог ќе ти ги прости гревовите. Тој со радост ќе го стори тоа. Тој воопшто не посакува да те казни, бидејќи те љуби толку многу. Но ако ти постојано ја игнорираш Неговата љубов и продолжуваш со својот грев, Бог ќе те казни.

Зошто денес не решиш да се одвратиш од својот грев? Дојди при Исус и поверувај во Него како во свој Спасител. Тој ветува: "Оној кој доаѓа кај Мене нема да го истерам" (Јован 6:37). Тој ветува дека ќе те прими. Денес, пред да си одиш одовде, твоите гревови можат да бидат простени!

Што ли можел да стори Авраам за да му помогне на Лот, таму во Содом, каде што бил во страшна опасност? Толку е прекрасно да си Божји пријател и да можеш да ги уживаш убавите моменти на зборување на Бог и слушање на Неговите зборови. Авраам бил многу среќен што не морал да се плаши од Божјата казна; но што со Лот? Се досетил на една работа што можел да ја направи за да помогне. Можел да се моли за својот внук, за неговата жена и за неговото семејство.

**Слика 4-5**

Во оваа група имаме момчиња и девојчиња кои се спасени. Вие Му припаѓате на Бог. Вие сте на некој начин како Авраам. Вие сте Божји пријатели; можете да разговарате со Него во молитва и да уживате во дружењето со Него. Не мора да се грижите дека ќе бидете казнети заради вашите гревови бидејќи знаете дека Исус бил казнет наместо вас. Но што со вашите другари? Дали се грижите за нив така, како што Авраам се грижел за Лот? Дали се молите ревносно за нив, и тие да Го запознаат Исус? Другите луѓе имаат потреба од вашите молитви - вашите неспасени другари на училиште, а можеби и некои од вашите роднини. Редовно одвојувајте време за молитва кон Бог за нивното спасение.

Би сакал да ви кажам вам, момчиња и девојчиња, кои сè уште не сте спасени, дека јас често се молам за вас; се молев и за денес, некои од вас да поверуваат во Господ Исус како свој Спасител. Ако сакате да поразговарате со мене за тоа како да поверувате во Господ, јас со радост лично ќе ви помогнам по часот. Секогаш сте добредојдени да останете по часовите, а мене ќе ми биде мило да ви помогнам. Дојдете токму овде кај мојата маса, и ќе си поразговараме.

**Слика 4-6**

Авраам започнал да Му се моли на Бог за Содом. "Ако има 50 праведни луѓе (50 луѓе кои сакаат да Ти бидат послушни и да Ти угодуваат) во градот, дали ќе сакаш да го поштедиш градот заради нив?" Бог рекол: "Да, ќе го поштедам градот ако има 50 праведни луѓе." Потоа Авраам многу понизно запрашал: "Што ќе се случи ако има 45 луѓе кои сакаат да Ти бидат послушни?" Бог одговорил: "Нема да го

уништам градот ако има 45 такви луѓе." А Авраам пак рекол: "А ако има само 40?" Бог го уверил дека ќе го поштеди градот само заради 40 луѓе. Авраам продолжувал да се моли: "Господе, немој да се лутиш, но ако има само 30?" Зарем не бил упорен? Тој навистина бил загрижен за Лот и за неговото семејство. "Не," одговорил Бог, "нема да го уништам градот дури и ако има само 30 праведни луѓе во него."

Но Авраам не престанал - тој прашал уште двапати. Знаете, Бог сака ние постојано да се молиме за нашите неспасени пријатели кои се во таква опасност. Ајде да бидеме како Авраам кој повторно и повторно навраќал при Господ. Едноставно продолжувал да се моли и моли за луѓето од Содом.

Најпосле запрашал: "Ако има само 10 луѓе кои сакаат да вршат добро?" Божјата љубов била толку голема што Тој го уверил Араама дека ќе го поштеди Содом ако најде само 10 луѓе во градот кои Му се послушни.

Авраам бил сигурен дека мора да има барем 10 луѓе во Содом кои Го љубат Бог, па затоа тука запрел. Многу му олеснило кога ги добил овие ветувања од Бог. Па така, завршил овој долг разговор со Бог.

**Слика 4-7**

Но знаете ли дека Бог не нашол ни 10 праведни луѓе во Содом. Така Бог морал да го уништи овој лош град. Тој испратил оган врз градот, го изгорел целосно и луѓето изгинале. Тоа било како силен земјотрес и ерупција на вулкан, сè во исто време. Но што станало со Лот? Дали молењето на Авраам било напразно? Не, не било напразно. Бог се сетил на молитвите на Авраам. Ајде да прочитаме што ни се вели во Првата Книга Мојсеева 19:29. (Учителе, прочитај го стихот ти, или некој друг што добро чита.) "Но додека Бог ги уништуваше градовите во рамницата, се сети Бог на Авраама, па го изведе Лота од пропаста кога ги сосипуваше Господ градовите, каде што живееше Лот."

**Слика 4-8**

Токму како што Авраам преку своите молитви бил прекрасен благослов за Лот, иако бил со километри оддалечен од местото каде Лот живеел, така Бог сака и ти да се молиш за другите луѓе, за Тој да ги благослови нив преку твоите молитви. Можеш да се молиш за неспасените луѓе, но исто така и за христијаните, за Бог да им помогне и да ги благослови во нивниот живот и работа.

Сега заедно ќе направиме нешто кое е многу просто, но е многу важно. Мојот помошник ќе ви даде по еден лист и молив секому посебно. (Поделете ги листовите и моливите.) Сега сакам да ја ставите вашата лева рака со раширени прсти на листот, И да ја исцртате, вака како на цртежов на таблата (или картонот).



Поголемите деца ќе напишат зборови покрај секој прст; помалите не мора да го направат тоа, меѓутоа ќе можат да го следат она што ќе го зборуваме. Ќе размислиме заедно за 5 типови на луѓе за кои треба да се молиме.

Ако ја држиш раката вака (со прстите нагоре), палецот е најблиску до твоето тело, зар не? Па затоа палецот нè потсетува да се молиме за луѓето кои живеат најблиску до нас - нашето семејство: нашите мајка, татко, браќа, сестри и другите членови на семејството. Дали Го молиш Бог да го благослови твоето семејство? Ова е првата група луѓе за кои можеме да се молиме. Напишете "семејството" покрај палецот. (Учителе, запишувај го секој збор на таблата или на картонот во соодветниот момент.) Сега, прстот кој го нарекуваме палец. Кој го користи многу овој прст посочувајќи и движејќи го вака? (Учителе, испружи го палецот и движи го.) Да, наставниците, проповедниците, пасторите и мисионерите кои го поучуваат и проповедаат Божјото Слово. Сте ме виделе и мене како го користам овој прст вака, овде, во Клубот на Добрата вест, зарем не? Па така, овој прст нè потсетува да се молиме за наставниците, проповедниците и мисионерите. Дали некогаш се молите за мене, како ваш наставник? Можете навистина да ми помогнете преку вашите молитви! Јас многу ќе го ценам тоа! А за мисионерите? Знам дека овде на часот ние се молиме за нив, но кога си сам, дали се сеќаваш да се молиш за нив? Би можел да лансираш меѓуконтинентален проектил на благослов на илјадници километри далечина! Напишете "наставниците, проповедниците и мисионерите" покрај овој прст. Ставете го и името на нашиот мисионер.

А сега овој највисок среден прст. Што мислите, на кого нè потсетува да се молиме? На големите, важни луѓе во нашата земја. Мислам на луѓето кои управуваат со нашата држава - премиерот, претседателот, владата, градоначалникот. Во Библијата Бог ни вели да се молиме за овие луѓе, за да донесуваат мудри одлуки и правилно да ја водат земјата. Напиши ги зборовите "претседателот и другите управители" покрај овој прст. Можеби никогаш не си помислил да се молиш за овие важни луѓе, но Бог сака да го правиш тоа!

Понатаму следува четвртиот прст - прстот на кој се носи свадбениот прстен. Ако свириш клавир, знаеш дека на овој прст му е најтешко да ги свири нотите точно. Речиси секој прст можеш да го кренеш сам, но ако се обидеш да го кренеш овој прст сам, ќе видиш дека тоа е многу тешко. Пробај! Па на кого би нè потсетил овој прст да се молиме? Да, на оние кои се слаби и немоќни - старите, болните, вдовиците, сирачињата и сиромашните. На сите

овие им се потребни твоите молитви. Немој да ги заборавaш. Напиши ги зборовите "немоќните и болните" покрај овој прст. Дали знаеш некого кој е болен токму сега и за кого би можел да се молиш?

Најпосле доаѓаме до малиот прст. На кого нè потсетува овој прст да се молиме? Ни кажува да се молиме за децата, кои се помали од возрасните. Помислувајќи на малиот прст, ние се присетуваме да се молиме за сите момчиња и девојчиња кои се наши другари. Некои од нив се христијани и имаат потреба од нашите молитви. Но многу од нив не Го знаат Господ. Дали се молиш за твоите добри другари кои не се спасени? Биди им добар другар на загубените како што Авраам му беше на Лот! Напиши "моите другари" покрај малиот прст. Можеш да го напишеш и името на еден другар кој е христијанин, и името на еден кој не е спасен. Моли се верно за нив!

Можеш ли да ги запомниш овие пет групи на луѓе за кои Бог сака да се молиме? Тие имаат потреба од твоите молитви!

Јас ве замолив да се молите за мене. Имам потреба од вашите молитви. Но сакам да знаете дека И јас често пати се молам за вас! За вас, момчиња и девојчиња, кои не сте спасени, што поскоро да поверувате во Исус како свој Спасител; и за вас, мали христијани, да растете сè повеќе и повеќе во вашиот духовен живот. Прекрасна привилегија е да се молиш за другите. Ајде да го правиме тоа верно!

**Прашања за повторување од четвртата лекција**

1. Во која смисла молитвата е како меѓуконтинентален проектил? А во која смисла е целосно поинаква?
2. Што оставал Авраам зад себе насекаде каде одел?
3. Зошто тој правел жртвеници?
4. Каде бил Авраам кога Бог го посетил?
5. Кое било ветувањето кое Бог им го дал на Авраам и Сара?
6. Која била тажната вест која Бог му ја кажал на Авраам?
7. Зошто Бог решил да го уништи Содом?
8. Што можеме да научиме за Бог дознавајќи дека Тој го уништил Содом?
9. Што направил Авраам за да им помогне на своите роднини во Содом?
10. Кој бил најмалиот број што Авраам го кажал, како број на праведни луѓе во Содом?
11. Дали Бог ја услишал молитвата на Авраам? На кој начин?
12. Кои се петте групи на луѓе за кои научивме дека треба да се молиме?

**Прашања за размислување, но не за одговарање на глас**

1. Дали се молиш за мене, твојот учител? Дали ќе почнеш од денес натаму?
2. Дали се молиш за твоите неспасени другари? Дали си ревносен како Авраам?
3. Дали си помислил да си направиш еден мал список на луѓе за кои треба да се молиш? Тоа е добра идеја! Зошто не почнеш уште веднаш?
4. Дали си помислил дека е грев пред Бог да не се молиш за другите? (1 Сам.12:23)

## Петта лекција

## Ајде да научиме да се молиме подобро

**Подготвително читање за учителот:** Даниел 9:1-4, 16-19; Еремија 29:10-14; Марко 9:14-27.

**Подготовка за учество на децата:**

а. Задолжително вметнувај прашања во текот на предавањето. Во текстов ги има над триесет. Не е неопходно да се одговори на сите нив, меѓутоа тие ги поттикнуваат децата на размислување и учење. Некои важни прашања се истакнати со ракописни букви. Одговорите на овие (или на слични вакви) прашања ќе бидат добар показател дали децата внимаваат на твоето предавање, го разбираат и го применуваат во своите животи.

б. На крајот на лекцијата има прашања за повторување на изложеното предавање. Раздели ги децата во две групи и направи квиз, користејќи притоа некои живописни визуелни помагала. Квизот може многу да помогне во учењето.

**Централна вистина:** Научи да се молиш на подобар начин. (Ова предавање е речиси исклучиво за христијански деца. Евангелизаторска порака може да се каже при песните, или пак во некој друг дел на програмата.)

**Примена за спасените деца:** Следи ги упатствата за молитвата кои Бог ни ги дава во Библијата.

1. **Вовед:** Бебе кое учи да зборува.
2. **Развој на настаните:**
   - А. Правило број 1 за молитвата: **Не смее да има непризнаен грев во нашите животи.** ЦВС
   - Б. Неколку моменти за молитва за исповедање
   - В. Правило број 2 за молитвата: **Мора да се молиме според Божјата волја.** ЦВ
   - Г. Пример за молитва која не е според Божјата волја. ЦВ
   - Д. Библиски пример: Молитвата на Даниел
   - Ѓ. Како можеме да дознаеме која е Божјата волја?
   - Е. Преку читање на Библијата
   - Ж. Преку Светиот Дух кој нè води при нашите молитви
   - З. Правило број 3 за молитвата: **Мора да се молиме со вера.** ЦВ
   - Ѕ. Пример за молитва без вера
   - И. Библиски пример - Таткото кој се моли за синот со нечист дух
3. **Заклучок:** Ајде да го замолиме Бог да ни помогне да ги научиме овие три правила и да се молиме поделотворно.

**Вовед Слика 5-1**

Дали некои од вас имаат мали братчиња или сестрички кои штотуку учат да зборуваат? Нели е смешно кога ги слушаме како ги кажуваат првите зборови? Најчесто првите зборови кои бебето ги кажува се "мама" или "тато". Тоа испушта и некои чудни звуци со кои ни кажува што сака. Кога вели, на пример, "папа", можеби сака да каже: "Многу сум гладен. Ве молам дајте ми нешто да јадам!" Но бидејќи не може да каже толкави речници, тоа само вели "папа", а мајка му разбира точно што сака тоа.

Но зарем не би било грозно бебето никогаш да не научи да зборува правилно и преку целиот живот да кажува "папа" кога сака да јаде; или пак да почнува да плаче како малите бебиња секогаш кога ќе сака да каже : "Многу сум уморен; ми се спие"?

Знаете, некои христијани се како човек кој никогаш добро не научил да зборува - мислам на тоа кога зборуваат со Бог во молитва. Тие никогаш не научуваат да се молат и да ги подобруваат своите молитви, како што стануваат постари христијани. Се надевам дека Бог ги разбира нивните молитви, но Тој би бил многу позадоволен, кога тие би научиле да се молат подобро.

Сигурен сум дека сакаш да научиш да се молиш подобро, нели? Да не бидеш постојано почетник во молитвата, како човек којшто туку се родил во Божјото семејство. Не сакам да кажам дека мора да научиш некои големи зборови и да користиш многу убави изрази. Не; има многу поважни работи од овие, а Бог ни дал некои правила во Библијата за да можеме да се молиме навистина делотворно и на начин кој Му е угоден Нему.

**Слика 5-2**

Првото правило кое ќе го разгледаме е: **не смее да има непризнаен грев во нашите животи кога се молиме.** Ајде да ви го објаснам ова. Понекогаш кога почнуваш да се молиш, одеднаш се присетуваш на некоја лоша работа која си ја направил - нешто за кое не си Го замолил Бог да ти прости. Тоа го исполнува твојот ум, така што одвај можеш да се сетиш што се обидуваш да искажеш пред Бог во молитва. Библијата многу јасно нè учи дека Бог нема да чуе, ако имаш неисповедан грев во твојот живот. Слушни ги овие многу сериозни зборови од Библијата: (Учителе, прочитај барем некои, или пак сите овие 4 стиха, но изостави ги референците).

"Вашите гревови го скрија Божјото лице од вас, и Тој веќе не ве слуша" (Исаија 59:2).

"Тогаш тие ќе викаат кон Господ, но Тој нема да ги чуе" (Михеј 3:4).

"Нема да добијат одговор од Бог" (Михеј 3:7).

"Тие викаа, но јас не ги слушав, вели Господ" (Захарија 7:13).

Зарем овие не се многу значајни зборови? Колку е ужасно да се молиме на Бог на таков начин, што тој одбива да нè слуша!

Затоа, ако сме свесни дека во нашите животи има лоши работи кои не сме ги признале пред Бог, мораме веднаш да ги признаеме. Инаку гревот ќе биде како една огромна препрека меѓу нас и Бог, така што нашите молитви нема да бидат слушнати од Него.

Кога ќе Му го кажеме нашиот грев на Бог, и искрено ќе побараме прошка од Него, Тој ветува дека ќе ни прости и ќе нè исчисти од сиот грев (1 Јован 1:9). Дури потоа ќе можеме да разговараме со Него за други работи - ќе можеме да се молиме за нас и за другите.

*Сега, кое беше првото правило?* Да, не смее да има непризнаен грев во нашите животи. Разбирате ли што значи тоа? (Остави децата да одговорат.)

Пред да продолжиме со лекцијата, ќе прекинеме за момент и ќе замолкнеме. Ако си вистински христијанин, но знаеш дека има некој грев во твоето срце, токму сега, во тишината, можеш да Му го кажеш на Господ и да Го замолиш да ти прости. Можеби тоа е некоја лага која си им ја кажал на родителите, или пак нешто кое си го украл. Побарај прошка од Бог токму сега. А подоцна, ќе треба да отидеш кај таа личност на која си ѝ згрешил, и да ја замолиш и таа да ти прости. (Учителе, одвој неколку моменти во кои децата ќе можат да се помолат тивко во себе.)

Ајде сега да продолжиме. Знам дека денес сакате да научите повеќе за молитвата. Бог, во Своето Слово, не само што ни вели дека не треба да се молиме со непризнаен грев во нашите срца, туку и дека **треба да се молиме според Неговата волја**.

**Слика 5-3**

*Што значи тоа?* Тоа значи дека Бог сака да се молиме за онаа работа, за која и тој сака да се случи. Видете, невозможно е да се молите за нешто со кое Бог не се согласува. Бог не би го сторил она што го барате, ако Тој не се согласува со вашата молитва, зарем не? Ајде да ви дадам еден пример: Замислете си едно мало четиригодишно момче кое оди кај мајка си, и ѝ вели: "Мамо, сакам да ми дадеш петстотини денари да си купам една многу, многу голема кутија бонбони." Тоа бара нешто со кое мајка му не се согласува. Од толку многу бонбони сигурно ќе му се слоши, а и забите ќе му се расипат. Затоа мајка му ќе мора да каже: "Не, жал ми е, но не можам да ти дозволам."

Понекогаш момчињата и девојчињата христијани се како тоа мало момче - нивните молитви се навистина многу себични и не се според Божјата волја. На пример, некое момче можеби ќе се моли за голем, сјаен, нов велосипед. Но Бог гледа во неговото срце и знае дека тој всушност сака да се прави важен пред другите деца и да се фали дека има најубав велосипед во целата улица. Ако момчето се моли поради тоа, најверојатно Бог ќе му каже: "Не, нема да ти го дадам тој велосипед. Тој може да ти наштети."

Но, ако тоа момче се моли Бог да му помогне да добие пари, и планира дел од тие пари да ги подели со другите и да даде доброволен прилог за мисионерите, тогаш е поверојатно дека тоа се моли според Божјата волја, зарем не?

**Слика 5-4**

Во Библијата имаме една прекрасна случка за еден човек кој се молел според Божјата волја, и Бог ја услишал неговата молитва. Тој се викал Даниел. Да! Тој е оној кого го фрлиле во лавовската јама!

Тој живеел во Вавилонската земја далеку од својот дом. Евреите биле одведени во ропство во Вавилон поради нивните гревови. Дали се сеќавате кога во една од претходните лекции ви раскажував како Асирците го нападнале Ерусалим, но кога царот Езекија се помолил, Бог ја уништил непријателската војска? Многу години подоцна, Евреите сè уште биле непослушни на Бог и вршеле зло, па затоа најпосле Бог допуштил вавилонската војска да го пороби Ерусалим и да го уништи. Многу луѓе биле убиени, а тие што останале живи биле одведени во ропство.

Даниел бил еден од оние што биле одведени во Вавилон, и таму живеел долги години, далеку од својата родна земја. Еден ден, кога веќе бил остарен, тој ја читал Библијата. Во книгата на Еремија (Ерм. 29:10-14) прочитал дека по 70 години во Вавилон, откако Евреите ќе се одвратат од своите гревови, ќе се свртат кон Бог и ќе Му станат послушни, Бог ќе ги изведе од таа туѓа земја и ќе ги врати во нивната земја.

*Па што мислите, што направил Даниел кога ги прочитал овие стихови од Библијата?* (Остави ги децата да одговорат.) Да, почнал да се моли. Тој ги признал своите гревови и гревовите на својот народ и Го замолил Бог да им дозволи да се вратат во Ерусалим, па градот да не биде повеќе празен и напуштен (Даниел 9:16-19).

*Дали Даниел се молел според Божјата волја?* Да, се молел! *Од каде знаеме?* (Остави ги децата да одговорат.) Да! Затоа што Бог веќе рекол во Своето Слово дека Неговата волја *била* Неговиот народ да се врати во Ерусалим по 70 години. Нешто подоцна, овие молитви биле услишани. Илјадници и илјадници Евреи се вратиле во својата земја, за повторно

да го изградат разурнатиот храм, како и целиот град Ерусалим кој бил во урнатини.

**Слика 5-5**

Сега и ние исто така сакаме да научиме како да се молиме според Божјата волја, нели? Сега ќе ви поставам едно многу тешко прашање: Како можеме да знаеме дали се молиме според Божјата волја? (Дозволи децата да размислат и да одговорат.) Да, јас многу ви помогнав да дојдете до одговорот. Еден начин да ја дознаеме Божјата волја е преку читање на Неговото Слово, токму како што правел и Даниел!

Во Библијата Бог ни кажува кои се Неговите планови и што Му е угодно Нему. Колку повеќе го читаш Божјото Слово, толку повеќе ќе ја разбереш Неговата волја. Затоа, секој ден додека се молиш, исто толку е важно и да прочиташ неколку стихови од Божјото Слово и да размислиш внимателно за тоа што си го прочитал. На тој начин ти ќе научиш да се молиш сè повеќе и повеќе според Божјата волја.

Се прашувам сега, дали можеме заедно да наброиме некои работи кои сигурно се според Божјата волја. Работи, за кои Бог јасно ни кажува во Своето Слово дека се дел од Неговите планови. Јас ќе предложам четири молитви, и сакам заедно да размислиме кои од овие молитви се според Божјата волја, а кои не. Ако мислиш дека одговорот е "да" - обиди се да се сетиш на некој стих од Библијата кој го докажува тоа. Дали разбирате? Можеби сите четири молитви ќе бидат според Божјата волја, можеби само една или две, а можеби ниедна? Ајде да видиме. Еве ја првата молитва:

**Слика 5-6**

**1. "Драги Господе, те молам испрати повеќе мисионери да го проповедаат Евангелието."**

Дали ова е според Божјата волја? Да, оваа молитва е според Божјата волја.

А стих кој ќе докаже?

Марко 16:15, "Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание!"

**2. "О Боже, те молам спаси ги момчињата и девојчињата во нашиот Клуб на Добрата вест."**

Дали оваа молитва е според Божјата волја? Да, и оваа молитва е според Неговата волја, нели?

А стих кој ќе докаже?

Матеј 18:14, "Не е волјата на вашиот Татко Кој е на небесата да загине ниедно од малечкиве."

**3. "Драги Боже, помогни му на секој од нас кои сме спасени да станеме јаки христијани."**

Дали е оваа молитва според Божјата волја? Повторно, одговорот е да.

Во второто послание на Петар 3:18 Бог ни заповеда да растеме во благодатта и во познавањето на нашиот Господ и Спасител Исус Христос.

**4. "Небесен Татко, помогни ни да ги контролираме нашите јазици, и да го зборуваме само она што е вистина и добро."**

Дали оваа молитва е според Божјата волја?

Да, сите четири молитви се според Неговата волја, бидејќи многу пати низ Библијата Бог ни вели да ги чуваме нашите усни и нашиот јазик. (Еф.4:29).

Ние исто така ја дознаваме Божјата волја преку Светиот Дух кој живее во секој христијанин. Ќе ви прочитам еден стих. Слушнете го внимателно и потрудете се да го разберете. (Учителе, прочитај го вториот дел од Римјаните8:26). "Зашто ние не знаеме да се молиме, како што треба." Ова често пати е точно, зарем не? Не знаеме за што треба да се молиме. Но во истиот стих откриваме како можеме да ја дознаваме Божјата волја; првиот дел од стихот вели: "Духот им помага на нашите слабости." Тоа само значи дека Божјиот Свет Дух кој живее во нас, ни помага во нашата слабост и ни помага да се молиме според Божјата волја.

Не ли е ова прекрасно? Кога се молиш, можеш да Му благодариш на Бог дека Светиот Дух живее во тебе. Побарај од Бог Светиот Дух да те води додека се молиш. Тој сака да ти помогне да се молиш според Божјата волја.

**Слика 5-7**

Ајде сега да ви го кажам третото правило - тоа е дека ние **мора да се молиме со вера**. *Кои беа првите две правила?* (Учителе, нека одговорат децата.) Да, токму така. А кога се молиме без непризнаен грев и Го молиме Бог да ни помогне да се молиме за работите со кои Тој целосно се согласува, тогаш треба да се молиме и со вера исто така.

*Што мислиш, што значи "молење со вера"?* (Учителе, нека одговорат децата.) Да, точно; тоа значи да веруваш дека Бог може да го направи тоа што го бараш од Него. *Можете ли да ми дадете еден пример за тоа како може некој да се моли, а да не верува дека Бог може да го направи тоа што тој го моли?* (Учителе, нека одговорат децата.) Така е; јас ќе ви дадам еден друг пример. Замисли си дека на Клубот на Добрата вест си се молел Бог да доведе и други деца следната недела. Меѓутоа, кога ќе излезеш надвор и ќе го сретнеш твојот другар Тони, си помислуваш: "Нема потреба да го канам него. Тој и така никогаш нема да дојде." *Дали навистина си се молел со вера, верувајќи дека Бог ќе доведе нови деца во клубот?*

**Слика 5-8**

Додека Исус бил овде на земјата, еден ден, еден татко дошол при Него многу натажен. Тој го довел својот син при Исус. Синот имал зол дух кој го терал да вреска, да му избива пена на устата, а се обидувал и да го уништи фрлајќи го во оган или во длабоки води. Можете само да си замислите како се чувствувал кутриот татко, особено бидејќи синот го имал овој ужасен проблем веќе многу години. Тој го замолил Исус многу искрено: "Ако можеш, те молам, смилувај ни се и помогни ни !" Не звучел многу надежно, нели? Знаете ли што одговорил Исус? Исус исто така ја започнал својата реченица со зборовите: "Ако можеш". Тој рекол вака: "Ако можеш да веруваш! Сѐ е можно за оној што верува!" Тогаш таткото извикал со силен глас: "Верувам Господе! Помогни му на моето неверие!" Тоа е добар одговор, зар не? Таткото сфатил оти неговата вера не била многу јака, но сепак верувал дека Исус може да го излечи неговиот син. И така Господ Исус прекрасно го исцелил момчето и го истерал злиот дух од него.

Понекогаш и јас и вие се чувствуваме како овој човек. Кога се молиме би можеле да кажеме: "Господе, верувам дека ти можеш да го направиш тоа; но помогни му на моето неверие. Сакам да се молам со вера дека ти можеш и си спремен да ги услишиш моите молитви." *Дали забележавте што Исус ветува при тој разговор?* Тој вели дека *сѐ* е можно за оној кој верува. Не ли е ова едно големо ветување за сите нас? Бог *може* да ги направи сите оние тешки работи кои се целосно невозможни за нас. Дали сега го запамти третото правило за моли-твата? Да, Бог сака да се *молиме со вера.* А кои беа другите две правила?

Моли се без непризнаен грев во твојот живот.

Моли се според Божјата волја.

Сигурен сум дека секое момче и девојче тука, кое Го познава Господ Исус и Го љуби, навистина сака да научи да се моли подобро и подобро. Ако имаш некои проблеми во врска со молитвата или прашања кои сакаш да ми ги поставиш, немој да се срамиш да дојдеш по часот да поразговараме, а јас ќе ти помогнам колку што можам. Ајде сега за момент да ги наведнеме нашите глави и да Го замолиме Бог да ни помогне да научиме како да се молиме на начин кој Му е угоден Нему, и на начин на кој Тој ќе сака да ни одговори. (Учителе, помоли се.)

**Прашања за повторување од петтата лекција**

1. Кое беше првото правило за молитвата кое го научивме? (Мора да се молиме без непризнаен грев во нашите животи.)
2. Ако почнеш да се молиш, па се сетиш на нешто лошо кое си го направил, што треба да сториш тогаш? (Како прво, замоли Го Бог да ти прости. Како второ, можеби ќе треба да замолиш и некоја друга личност да ти прости исто така.)
3. Што ветува Бог дека ќе стори ако ние ги исповедаме нашите гревови пред Него? (Ветува дека ќе нѝ прости и ќе нѐ исчисти од сите гревови. 1 Јован 1:9)
4. Кое е второто правило за молитвата кое го научивме? (Треба да се молиме според Божјата волја.)
5. Што значи тоа? (Тоа значи да се молиме за нешто со кое Бог целосно се согласува.)
6. Кажете ми еден пример кога детето ги моли мајка си или татка си за нешто кое не е според нивната волја? (Во лекцијата - детето кое бара петстотини денари да си купи цела торба бонбони.)
7. Кажете ми еден пример за молитва која не е според Божјата волја? (Во лекцијата - "Дај ми еден убав, нов велосипед, за да им покажам на другите дека јас имам најубав велосипед во целата улица.")
8. Има два начина да дознаеме која е Божјата волја. Кој е едниот начин? (Преку читање на Божјото Слово.)
9. Кој е другиот начин? (Преку Светиот Дух кој живее во срцето на христијанинот. Тој ќе го води при молитвите.)
10. Дајте ми еден пример од Библијата за некој кој се молел според Божјата волја. (Даниел кој се молел Евреите да се вратат во Ерусалим.)
11. Можете ли да ми дадете еден пример за ваша молитва која би била според Божјата волја? (На пример - помогни ми да им бидам послушен на родителите - Ефешаните 6:1)
12. Кое беше третото правило? (Мора да се молиме со вера.)
13. Што значи тоа? (Мора да веруваме дека Бог може и е спремен да ги услиша нашите молитви.)
14. Кога таткото со синот, кој бил измачуван од нечист дух, дошол при Исус, тој ја започнал својата молитва со зборот "ако". Можете ли да ја довршите реченицата? ("Ако можеш нешто да сториш, смилувај ни се и помогни ни !" - не мора да бидат баш истиве зборови.)
15. Исус одговорил започнувајќи исто така со зборот "ако". Можете ли да ми кажете како Исус одговорил? ("Ако можеш да веруваш! Сѐ е можно за оној што верува!")
16. Тогаш таткото кажал една прекрасна реченица, покажувајќи дека се борел со своите сомнежи, но и дека верувал оти Господ може да ја услиша неговата молитва. Што точно рекол таткото? ("Верувам Господе! Помогни му на моето неверие!")